ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 49 став (5) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 ноември 2026 година, донесе

УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ АВИОПРЕВОЗНИЦИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВИ ОД КОРИСНИЦИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Член 1

Во Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.182/24 и 251/24), во членот 20-а по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, во случај кога корисникот на финансиска поддршка го реализирал оперативниот план за одредена дестинација пред истекот на тековната година, може да поднесе барање за финансиска поддршка врз основа на ревидиран оперативен план, согласно кој може да се утврди дека се извршени летови и превоз на патници кои ја надминуваат бројката утврдена во реализираниот оперативен план. Доколку барањето за финансиска поддршка врз основа на ревидираниот оперативен план се одобри со цел поттикнување на развојот на воздушниот сообраќај и зголемување на бројот на патници, за истото се склучува измена на договорот за финансиска поддршка во рамки на утврдените средства во Програмата од член 4 на оваа уредба.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-8255/10
10 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.